**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за регулирање на железничкиот сектор**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2026 ГОДИНА



**Бр. 01-179/2**
**25.11.2025 година**
**Скопје**

# СОДРЖИНА

**СОДРЖИНА** .......... 2

А. Програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година .......... 4

Издавање дозволи .......... 4

Решавање по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата .......... 5

Контрола на квалитетот на давањето на железничките услуги од страна на железничкиот превозник и управителот на инфраструктурата .......... 5

Контрола на активностите на компаниите во насока на почитување на правата на патниците6

Развојни активности на Агенцијата .......... 7

Тековни активности на Агенцијата .......... 9

Изработка на студии, елаборати, анализи, анкети, мислења и предлози .......... 10

Соработка со национални државни органи и регулаторни тела .......... 11

Соработка со меѓународни органи и организации, како и со странски регулаторни тела од областа на железниците .......... 12

Прилог 1: Табеларен приказ на динамиката на работните активности на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година .......... 14

В. Финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година .. 17

Планирани приходи .......... 17

Планирани расходи .......... 18

**Прилог 1:** Табеларен преглед на финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година .......... 21

Прилог 2: Споредбени показатели на планиран финансиски план за 2025 и 2026 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор .......... 25

Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор ја усвојува Управниот одбор на Агенцијата согласно член 103 став (1) алинеја 6 од Законот за железнички систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 253/23 и 187/24), и истата согласно член 109, став (1), (2) и (3) ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија до 30 ноември во тековната година, а Собранието на Република Северна Македонија ја одобрува. Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор на ден 25.11.2025 година донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година

Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година, согласно Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 253/23 и 187/24), има за цел обезбедување транспарентно работење на управителот на инфраструктурата, железничките превозници и институциите поврзани со работењето на железницата, како и другите учесници кои обезбедуваат железнички услуги во железничкиот јавен превоз. На таа основа, а во согласност со надлежностите и овластувањата утврдени со Законот за железничкиот систем, работењето на Агенцијата во текот на 2026 година ќе биде засновано врз принципите на законитост, стручност, професионалност, транспарентност и одговорност во работењето. За унапредување на пазарот на железнички услуги во Република Северна Македонија, Агенцијата во својата работа ги има предвид препораките на Европската Комисија и најдобрите светски практики.

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во наредната 2026 година ќе се ангажира во обезбедување на недискриминација и транспарентност во работењето на сите учесници во железничкиот сектор. Агенцијата ќе се залага управителот на инфраструктурата и железничките превозници своите услуги да ги обезбедува врз принципите на законитост, стручност, професионалност и одговорност во работењето во согласност со надлежностите и овластувањата утврдени со Законот за железничкиот систем.

Годишната програма за работа и развој на Агенцијата согласно Законот за железничкиот систем се состои од два дела, и тоа:

- Програма за работа и развој на Агенцијата за 2026 година и
- Финансиски план на Агенцијата за 2026 година.


АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

# А. Програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година

Надлежностите кои произлегуваат од Законот за железничкиот систем, а кои Агенцијата ќе ги реализира преку својата програма за работа и развој во 2026 година, се:

- Издавање на дозволи за вршење на јавен железнички превоз, дозволи за вршење на превоз за сопствени потреби, дозволи за управување со железничка инфраструктура и вршење контрола на издадените дозволи;
- Решавање по жалби на железничките превозници по актите донесени од управителот на инфраструктурата;
- Контрола над квалитетот на давањето на железничките услуги од страна на железничкиот превозник и управителот на инфраструктурата од аспект на точност, безбедност и достапност на услугите во насока на креирање амбиент кој ќе гарантира исполнување на правата на корисниците на услугите;
- Контрола над активностите на компаниите во насока на почитување на правата на патниците.

## Издавање дозволи

Во текот на 2026 година, при издавање на дозволи за вршење на јавен железнички превоз, дозволи за вршење на превоз за сопствени потреби, признавањето на дозволите издадени на превозници од надлежни органи на други држави во согласност со законодавството на Европската унија, како и при вршење контрола на издадените дозволи за вршење на јавен железнички превоз и дозволи за вршење на превоз за сопствени потреби, Агенцијата ќе постапува согласно членовите 15, 16, 17, 18, 20 и 20-а од Законот за железничкиот систем (“Службен весник на Република Македонија” бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 253/23 и 187/24).

Рок: континуирано во текот на календарската година

Во текот на 2026 година, Агенцијата ќе постапува согласно член 21 од Законот за железничкиот систем (“Службен весник на Република Македонија” бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 253/23 и 187/24) при издавање и контрола на дозволи за управување со железничка инфраструктура.

Рок: континуирано во календарската година

## Решавање по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата

Агенцијата ќе донесува решенија по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата, а во врска со објавата на мрежа, критериумите содржани во објавата на мрежа, процесот на доделување на инфраструктурни капацитети и постигнатите резултати, планот на наплата, висината или структурата на надоместокот за пристап до инфраструктурата која се плаќа или треба да се плати и договорите за пристап согласно членовите 65 и 99 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 253/23 и 187/24).

Рок: континуирано во календарската година

## Контрола на квалитетот на давањето на железничките услуги од страна на железничкиот превозник и управителот на инфраструктурата

Во насока на исполнување на правото на корисниците за квалитетни железнички услуги, согласно член 97-а и 97-б од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 253/23 и 187/24) особено значајна функционална компонента на надлежностите на Агенцијата е следењето на квалитетот на железничките услуги, односно:

- Контрола на квалитетот на железничките услуги кои железничкиот превозник им ги обезбедува на патниците во железничкиот сообраќај и правата на патниците,
- Контрола на квалитетот на железничките услуги кои управителот на инфраструктура им ги обезбедува на железничките превозници.

За таа цел Агенцијата предвидува континуирана контрола во возовите и на железничките станици со кои управуваат железничкиот превозник и управителот на инфраструктурата.

Рок: континуирано во текот на календарската година

## Контрола на активностите на компаниите во насока на почитување на правата на патниците

Почитувањето на правата на патниците, од страна на железничките превозници (во моментов, Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје), ќе се следи преку исполнувањето на услугите кои се утврдени во Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата. Утврдените услуги согласно Договор се:

1. Безбеден и сигурен превоз на патници од почетната до крајната дестинација;
2. Придржување и почитување на возниот ред;
3. Достапност на возовите за инвалидизирани лица и лица со намалена способност за движење, како и давање на бесплатна помош;
4. Одржување на хигиена во возовите;
5. Истакнување на огласни табли за возен ред во чекалните и пероните;
6. Информации во текот на патувањето на патникот доколу технички е возможно (доцнење, услуги во возот, следна железничка станица, главни услуги за поврзување, сигурносни и безбедносни прашања);
7. Доколку железничката услуга не може да продолжи, се организира во најкраток можен рок алтернативна услуга за превоз на патниците;
8. Греење во возот за време на ниски надворешни температури во текот на годината;
9. Поседување на доволно капацитети во секој момент во зависност од потребата за превоз на патници и
10. Овозможување на продажба на билети во билетарници или апарати за продажба на билети и во воз.

Контролата над активностите на железничкиот превозник и управителот на инфраструктурата во насока на почитување на правата на патниците Агенцијата ќе ги врши согласно член 97 и член 97-а од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 253/23 и 187/24) и во согласност со динамиката определена и усогласена со потребите на пазарот, односно корисниците на железничкиот патнички сообраќај.

Рок: континуирано во текот календарската година

## Развојни активности на Агенцијата

Република Северна Македонија превзеде обврска за целосно исполнување на критериумите за интегрирање со законодавството на Европската Унија, а целосната примена на истото да започне со стапување на Република Северна Македонија во рамноправно членство во Унијата. Со цел постепено прилагодување со директивите на Европската Унија извршени се низа законски усогласувања за натамошно доуредување, развој на пазарот на железнички услуги што подразбира создавање услови за непречено обезбедување на железничките услуги под еднакви услови за сите регистрирани железнички компании, како и обезбедување и почитување на правата на корисниците на овие услуги.

Патничкиот и товарниот железнички сообраќај во Република Северна Македонија е во постојан развој. Ваквиот развој, во европски и светски рамки, условува соодветен развој и во железничкиот систем во Република Северна Македонија. Ова особено се однесува за железничкиот патнички сообраќај во Европската Унија, кој својата конкурентност ја издигнува на ниво на авионскиот сообраќајот на релации со растојание до 500 км. Истовремено и товарниот железнички сообраќај, особено контејнерскиот превоз, ја зголемува својата конкурентност во комбинација со камионскиот и бродскиот како мултимедијален транспорт. Со значајните инвестиции во областа на железниците, како во транспортот, така и во инфраструктурата, Република Северна Македонија ги следи овие развојни текови. Истовремено, регулативата на Европската Унија во областа на железничкиот транспорт динамично се менува и усогласува со условите на пазарот на железничките услуги што наметнува зголемени обврски и интегрирање на регулаторните агенции, особено за транспортот по европските коридори.

За да одговори на вака забрзаниот развој и динамичните промени, активностите на Агенцијата во 2026 година ќе бидат насочени кон подигнување на нејзиниот институционален и кадровски капацитет. Се предвидува зголемување на бројот на вработени од 3 (три), колку што е сега, на вкупно 5 (пет) вработени во наредната 2026 година. Истовремено предвидено е и обезбедување на потребните хардверски и софтверски решенија за унапредување на дејноста, како и соработка со други институции и регулаторни тела од земјата и од Европската Унија на проекти од областите за кои е надлежна Агенцијата.

Агенцијата е подготвена за работа во услови на либерализиран железничкиот пазар во кој ќе се интегрира Европската директива за единствен Европски железнички пазар.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Агенцијата ќе продолжи со соработката со други регулаторни тела, со учество на билатерални и меѓународни конференции во рамките на Генералниот директорат за транспорт на Европската Унија (DG MOVE), IRG-RAIL, TST и други, како и учество во проекти кои ја третираат регулаторната улога на агенциите во сферата на железничкиот превоз во насока на развојот и унапредувањето на своето работење.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Во функција на јакнење на кадровскиот капацитет на Агенцијата, во текот на 2026 година се предвидува да се реализира 2 (две) нови вработувања.

- Новите вработувања ќе се финансира од сопствени средства на Агенцијата. Сегашниот број на вработените во Агенцијата, вкупно 3 (три) лица, не е доволен за реализација на предвидените надлежности согласно Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 253/23 и 187/24) и со предвидената Годишна програмата за работа и развој за 2026 година, се предвидни овие нови вработувања до крајот на 2026 година.

Рок: Март и Октомври 2026година

Во текот на 2026 година се планира да се реализираат обуки за вработените како еден од предусловите за целосна и успешна имплементација на регулаторните функции на Агенцијата. Со тоа ќе се зајакне капацитетот на самата институција за што поуспешно да одговори на сите предизвици од работењето на железничкиот сектор и да може долгорочно да ги реализира обврските кои произлегуваат од Законот за железнички систем.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Во рамките на активностите во 2026 година Агенцијата планира да реализира и да земе учество на семинари, советувања и работилници на кои се третираат прашања од области за кои или во кои Агенцијата има надлежности или овластувања согласно Законот.

Рок: континуирано во текот на календарската година

## Тековни активности на Агенцијата

Една од значајните активности на Агенцијата е да обезбеди функционирање на железничките превозници и управителот на инфраструктурата во рамките на со закон дефинираните комерцијални и финансиски односи, односно да обезбеди надоместокот за пристап до железничката инфраструктура, кој е утврден од управителот на инфраструктурата, да биде транспарентен, недискриминаторски и во согласност со законската регулатива. Оваа значајна активност ќе се спроведе преку следење на актите на инфраструктурната компанија односно објавата на мрежа, возниот ред и договорот за пристап кон железничката инфраструктурата, како и при одлучување во жалбената постапка.

Агенцијата во текот на 2026 година ќе ги следи сите законски измени поврзани со нејзините надлежности и во континуитет ќе ги ажурира во базата на податоци, како и ќе го ажурира регистарот на директиви на Европската Унија од областа на железниците.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Во случај на неправично и дискриминаторско однесување на субјектите во железничкиот систем, по однос на почитување на правата на патниците во железничкиот сообраќај и други прашања по барање на релевантни институции од областа на железниците, Агенцијата ќе презема активности кои се во нејзина надлежност во согласност со Законот за железничкиот систем.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Особено внимание во 2026 година Агенцијата ќе посвети на континуирано следење на актите и активностите на учесниците на пазарот на железничките услуги по однос на примената на:

- Објавата на мрежа;
- Критериумите содржани во Објавата на мрежа;
- Процесот за распределба на инфраструктурните капацитети и постигнатите резултати;
- Договорите за пристап на железничката инфраструктура и
- Други случаи со кои се осигурува пристап и користење на железничката инфраструктура согласно принцикпите на недискриминација и еднаков третман на сите корисници.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Агенцијата ќе презема активности во согласност со член 97 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 253/23 и 187/24) во случај на неправично и дискриминаторско однесување на субјектите во железничкиот систем, по однос на:

- Почитување на правата на патниците во железничкиот патнички сообраќај, согласно постоечките акти,
- Во случај на неправично и дискриминаторско однесување на управителот на инфраструктурата и секој превозник или барател на капацитет и доделување на траса, или друг инфраструктурен железнички капацитет и услугите за наплата на истите,
- Во случај на неправично и дискриминаторско користење и толкување на Објавата на мрежа и рамковните договори,
- Во случај на наплата на надоместок при заситена инфраструктура, ако планот за капацитети не може да се исполни или понудените планови се неекономични и финансиски неисплатливи,
- Во случај на пристап и користење на приватни колосеци, патнички и товарни терминали и други железнички линии и инсталации за кои се потребни договори меѓу еден или повеќе превозници и управител на инфраструктура
- Други прашања по барање на релевантни институции од областа на железниците.

Рок: континуирано во текот на календарската година

## Изработка на студии, елаборати, анализи, анкети, мислења и предлози

Во текот на 2026 година во насока на подигнување на квалитетот на своето работење Агенцијата во рамките на своите активности предвидува изработка на анализи, елаборати, студии, методологии за работа и мислења од областа на железниците.

Во 2026 година планирана е изработка на Студија со модел за утврдување на меѓузависноста т.е. влијанието на инвестициите вложени од страна на државата во инфраструктурата на македонски железници и таксата за пристап, на квалитетот на услугите кои корисниците ги добиваат од инфраструктурата. За оваа студија изработена е проектна задача која ги дефинира критериумите и параметрите кои ќе бидат предмет на обработка во оваа студијата. Исто така се предвидува и изработка на Студија за утврдување на ефектите (влијанието) на висината на надоместокот за јавната патничка услуга (ПСО) врз квалитетот на услугите во патничкиот железнички сообраќај, како и метод за контрола преку бонус пеналти систем.

Рок: Април и Јуни 2026 година

Во насока на контрола на почитување на правата на патниците во превозот со железници, во текот на 2026 година Агенцијата ќе спроведе анкета која ќе ја претстави перцепцијата на патниците во однос на почитување на нивните права и квалитетот на услугите кои тие ги добиваат од транспортната и инфраструктурната компанија. Анализата на резултатите од анкетата ќе даде можност, користејќи ги податоците од претходните години, да го следиме и развојот, односно трендот на подобрувањето во исполнување на правата на патниците.

Рок: Октомври и Ноември 2026 година

Мониторингот на пазарот на железничките услуги ќе биде една од тековните активности на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и во 2026 година. Мониторирањето на пазарот на железничките услуги ќе се врши врз основа на претходно соодветно дефинирани критериуми и индикатори, односно преку прибирање на податоци од повеќе институции во државата (железничките превозници, управителот на железничката инфраструктура, Државниот завод за статистика, Министерството за транспорт и други). Целта на мониторирањето на пазарот е преку реални и објективни податоци да се укаже на сегментите во кои железничкиот сектор треба да се подобрува, како и стимулирање на активностите за постигнување на истото истата цел.

Анализата на податоци се планира да се прави преку континуирано прибирање на податоци, нивна статистичка и економетриска анализа, утврдување на перформансите на учесниците во железничкиот сектор. Резултатите од анализата ќе бидат јавно објавени од страна на Агенцијата.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Во текот на 2026 година, Агенцијата врз основа на повеќе годишно истражување и спроведените анкети за почитувањето на правата на патниците и задоволство на истите од услугите добиени во железничкиот патнички превоз, ќе изготви извештај во кој ќе биде анализирано задоволството на патниците од добиените услуги и ќе се направи пресек на постоечката состојба во патничкиот железнички сообраќај.

Рок: Декември 2026 година

## Соработка со национални државни органи и регулаторни тела

Агенцијата и во текот на 2026 година ќе продолжи со соработката со останатите регулаторни тела во Република Северна Македонија со цел размена на искуства, особено во поглед на операционализацијата и практикувањето на регулаторната улога на Агенцијата.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Активностите на Агенцијата и во текот на 2026 година ќе бидат и во насока на реализирање на соработка со европските регулаторни агенции од областа за железниците. Врз основа на искуствата и праксата при оваа соработка Агенцијата ќе изготвува и доставува предлози за потребата од донесување на нови законски решенија или измена на постоечките закони на Република Северна Македонија.

Рок: континуирано во текот на календарската година

## Соработка со меѓународни органи и организации, како и со странски регулаторни тела од областа на железниците

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор како рамноправен член на работната група на регулаторните тела на Европската Унија од областа на железниците, во текот на 2026 година ќе продолжи активно да учествува во работа на работната група на Европската комисија (DG MOVE) со цел што подобра реализација на своите активности во насока на интегрирање на македонските железници во системот на европските железници.

Подготовката за овие состаноци подразбира взаемна размена на стандардна содржина на податоци во форма на прашалник со сите 27 регулаторни агенции на Европската Унија. Преку овие прашалници во кои се елаборира работењето преку презентирање на проблемите кои се појавуваат при спроведување на законската регулатива од областа на железницата, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е во целост во тек со сите активности, појави и проблеми кои настануваат во железнички пазар на Европската Унија, а кои се во колизија со директивите на Европската Унија и за кои се носат мериторни одлуки од надлежните органи на Европската Унија.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Агенцијата е член на IRG Rail, независна група на регулаторни тела за железниците нае членки на Европската унија и Република Северна Македонија и Република Косово. Целта на оваа група на регулаторни тела е да се интензивира соработката помеѓу регулаторите во Европа на експертско ниво, која пак ќе придонесе за промовирање на одржлив и ефикасен железнички сектор и развој на Европскиот железнички пазар. Во рамките на IRG-Rail формирани се 6 работни групи кои работат во областа на:

- Пристап кон железничката инфраструктура
- Таксата за пристап кон железничката инфраструктура;
- Пристап до услужни објекти;
- Наплата на такси за услужни објекти;
- Мониторинг на пазарот на железнички услуги и
- Легислативна група.

Регулаторната Агенција учествува во работењето на овие работни групи преку размена на податоци, искуства и коментари од кои произлегуваат предлози и мислења за измената на Директивите на Европската Унија од областа на железничкиот сектор.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Во рамките на Транспортна заедница Агенцијата во изминатите години имаше свое активно учество. Агенцијата и во 2026 година со своите активности ќе продолжи активно да учествува на состаноците организирани во рамките на Транспортната заедница, како дел од севкупните активности на Европската Унија во Република Северна Македонија.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Агенцијата и во 2026 година како потписник на Меморандум за разбирање и соработка меѓу телата од областа на железниците, односно со „Албанскиот орган за безбедност на железницата", „Одбор за регулирање на железницата на Босна и Херцеговина" – „Регулаторен одбор за железница", „Регулаторен орган за железница на Косово" – „Авторитети за регулирање на железницата", „Комисија за истражување на воздухопловни несреќи и инциденти " – „Комисија за истрага на воздухопловни несреќи и инциденти", „Управа за безбедност на железницата на Република Северна Македонија" – „Управа за безбедност",„Железнички орган на Црна Гора" - „Управа за железница на Црна Гора", „Национална комисија за истрага на несреќи и сериозни инциденти со воздухоплови, вонредни настани што ја загрозуваат безбедноста на железничкиот сообраќај и поморски инциденти и несреќи од Црна Гора" „Дирекција за управа за железници" Република Србија - „Дирекција за железнице" Република Србија, „Центар за истраги на сообраќајни незгоди" Република Србија - „Центар за истражување во сообраќајот на Република Србија", ќе ја продолжи соработката во насока на развој на меѓусебните односи со цел размена на искуства и примена на најдобрите практики за развој на пазарот на железнички услуги.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Прилог 1: Табеларен приказ на динамиката на работните активности на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година

**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДИНАМИКАТА НА РАБОТНИТЕ АКТИВНОСТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2026 ГОДИНА**

| Р.б. | Активност | јануари | февруари | март | април | мај | јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | декември |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Издавање дозволи согласно Законот за железнички систем** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 2 | **Решавање по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 3 | **Надзор над квалитетот на давањето на железничките услуги кои ги обезбедуваат железничките превозници и управителот на инфраструктурата** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 4 | **Контрола над активностите на компаниите во насока на почитување на правата на патниците** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 5 | **Развојни активности на Агенцијата** | | | | | | | | | | | | |
| Обуки на вработените, семинари, советувања, работилници | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Нови вработувања | | | | √ | | | | | | | √ | | |
| Учество на билатерални и меѓународни конференции | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 6 | **Тековни активности на Агенцијата во 2026 година** | | | | | | | | | | | | |
| Обезбедување транспарентен, | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| недискриминаторски и законски надоместок за пристап до инфраструктурата кој е утврден од управителот на инфраструктурата | | | | | | | | | | | | |
| Континуирано ажурирање на базата на податоци за учесниците на пазарот на железничките услуги | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Преземање на активности во случај на неправично и дискриминаторско однесување на субјектите во железничкиот систем | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Ажурирање на регистарот на акти и прописи од делокругот на работењето на Агенцијата, како и регистар на постоечките директиви на Европската Унија од областа на железниците | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 7 **Изработка на студии, елаборати, анализи, анкети, мислења и предлози** | | | | | | | | | | | | |
| Студија со модел за утврдување на меѓузависноста т.е. влијанието на инвестициите вложени од страна на државата во инфраструктурата на македонски железници и таксата за пристап, на квалитетот на услугите кои корисниците ги добиваат од инфраструктурата | | | | | | | √ | | | | | |
| Студија за утврдување на ефектите (влијанието) на висината на надоместокот за јавната патничка услуга (ПСО) врз квалитетот на услугите во патничкиот железнички сообраќај како и метод за контрола преку бонус пеналти систем | | | | | | | | | √ | | | |
| Мониторингот на пазарот на железничките услуги | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Анализа на пазарот на железнички услуги во насока на обезбедување на услови за либерализација на истиот, заштита на конкуренцијата и унапредување на конкуренцијата меѓу различните видови на | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | транспорт | | | | | | | | | | | | |
| | Анкета на патниците во превозот со железница и анализа на искуството и задоволството на истите од услугите добиени во железничкиот патнички превоз | | | | | | √ | | | | | √ | |
| | Извештај за задоволството на патниците од добиените услуги | | | | | | | | | | | | √ |
| 8 | **Соработка со национални државни органи и регулаторни тела** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 9 | **Соработка со меѓународни органи и организации, како и со странски регулаторни тела од областа на железниците** | | | | | | | | | | | | |
| | Активности во рамките на работната група на регулаторните тела за железници на Европската Комисија (DG MOVE) | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| | Активности во рамките на независната група на регулаторните тела за железници IRG Rail | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| | Активности во рамките на Транспортната заедница | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| | Соработка со регулаторните тела од земјите од регионот, Словенија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Албанија | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

## В. Финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор согласно планираните активности и задачи предвидени во Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за 2026 година, изготви проценка на приходите и расходите потребни за извршување на надлежностите утврдени со Законот за железничкиот систем („Службенвесникна Р.М.“ бр. 48/2010; 23/2011; 80/2012; 155/2012; 163/2013; 42/2014; 130/2014; 152/2015; 31/2016; 178/2016, 64/2018 и Службен весник на Р.С.М. 302/20, 253/23 и 187/24).

Финансискиот план за 2026 година годинасодржи податоци, по аналитички конта, за предвидените приходи и расходи за 2026 година, како и споредбени показатели во однос на планот на минатата година.

Расходите на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор се финансираат од приходите остварени од наплата на Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги, пресметана во согласност со член 108 од Законот за железничкиот систем.

## Планирани приходи

Приходниот дел од финансискиот план за 2026 година на Агенцијата, се предвидува во износ од 13.876.000 денари, што во однос на минатата година е помал за 17% и тоа последните основи:

1. Во текот на 2026 година се предвидува ненаплатената годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услугиод минати години во износ од 520.000,00 денари, за разлика од 2025 година кога пресметаниот надоместокот за годишна такса за 2024 година целосно е наплатен. Овој приход произлегува од пресметани, а ненаплатени побарувања, согласно член 108 од Законот за железничкиот систем, како дел од такса по Решенија за годишна такса за 2025 година. Побарувањата по Решенијата за годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за дел од такса од минати години кои сѐуште не се подмирени, се пренесуваат и се планираат како приходи во 2026 година.

2. Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за 2026година во износ од 4.050.000,00 денари, пресметана согласно член 108 став 4 од Законот за железничкиот систем, според кој годишната такса изнесува 1,5% од остварениот годишен надоместок за користење на железничката инфраструктура што ја наплатуваат управителите на инфраструктурата од превозниците и тоа од минималниот пакет на услуги и пристапот по пруга до услужни објекти. Овој приход за 2026 година е проценет врз основа на реализираниот надоместок за користење на железничката инфраструктура за 2025 година. Во однос на 2025 година истиот е поголем за 9% како резултат на планиран зголемен превоз во текот на годината.


АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

3. Пренесен приход од 2025 година, се пренесуваат и соодветно се планираат за активности во наредната 2026 година. Износот на средства кои се предвидува да бидат пренесени во наредната 2026 година изнесува 8.856.000,00 денари.

4. Други приходи се планираат во износ од 450.000,00 денари кои произлегуваат од издадени дозволи за превоз, камати, провизии од трансакциски сметки во банка, како и други приходи.

## Планирани расходи

**РАСХОДНА СТАВКА 400 – ПОТРОШНИ МАТЕРИЈАЛИ**

Во оваа ставка се предвидени средства за набавка на материјали неопходни за нормално извршување на работните задачи од страна на вработените во Агенцијата и тоа за канцелариски материјали, весници и списанија, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, административни материјали, вода, комунални такси и други материјали со вкупна вредност од 342.000,00 денари. Планираниот износ на оваа ставка во 2026 година е сведен на реалните потреби на Агенцијата и е помал во однос на 2025 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 401 – ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА**

Во оваа ставка се предвидуваат средства за подмирување на трошоците за потрошена електрична енергија за греење и ладење во износ од 305.000,00 денари. Планираниот износ на оваа ставка е еднаков на планираниот износ во 2025 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 402 – ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА**

На ставката инвестиционо одржување Агенцијата предвидува средства во износ од 100.000,00 денари. Планираниот износ на оваа ставка е еднаков на планираниот износ во 2025 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 403 - ДРУГИ УСЛУГИ**

За оваа расходна ставка се планира износ од 835.000,00 денари и истите се наменети за: расходи за фиксна и мобилна телефонија, интернет пристап, поштенски услуги, поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, услуги за копирање, печатење и издавање, услуги за одржување хигиена - чистење,поправки и одржување на опремата и средствата, совет на станари во зградата на деловниот простор и други услуги.Планираниот износ на оваа ставка во 2026 година е сведен на реалните потреби на Агенцијата и е помал во однос на 2025 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 404 – ПРЕВОЗНИ – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ**

Средствата од оваа ставка ќе се реализираат за превозно - транспортни услуги за потребите на вработените, при извршување на своите работни задачи. За оваа намена во 2026 година се планира да се потрошат 25.000,00 денари. Плнираниот износ на оваа ставка е еднаков на планираниот износ за 2025 година, кој ќе ги задоволи потребите на Агенцијата.

**РАСХОДНА СТАВКА 405 - ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА**

Планираниот износ за оваа ставка изнесува 120.000,00 денари, во која се вклучени трошоци за реклама, пропаганда, репрезентација (за организирање состаноци, состаноци со регулаторни тела вклучени во железничкиот сектор, организирање билатерални средби со регулатори од железничката област), и набавка на репрезентативен материјал и активности за информирање на јавноста и јакнење на транспарентноста на Агенцијата.

Планираниот износ на оваа ставка е еднаков на планираниот износ во 2025 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 409 – ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ**

Планираниот износ на оваа ставка за други материјални расходи кои неможат да се групираат во другите расходни ставки е еднаков на планираниот износ во 2025 година и изнесува 45.000,00 денари.

**РАСХОДНА СТАВКА 410 – ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ**

Средствата од оваа расходна категорија се предвидуваат на ниво на минатата 2025 година во износ од 50.000,00 денари, а се однесува за провизија за платен промет и банкарска провизија за откуп на девизи.

**РАСХОДНА СТАВКА 412 – ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

Оваа расходна ставка се предвидуваат на ниво на минатата 2025 година во износ од 50.000,00 денари и истите би се користеле за осигурување на деловниот објект, опремата и возилото.

**РАСХОДНА СТАВКА 413 – ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА**

Расходите за дневници за службени патувања и патни трошоци во износ од 700.000,00 денари. Како резултат на спроведени мерки за штедење овие расходи во однос на 2025 се намалени за 36%. Овие средства Агенцијата ќе ги реализира за мониторинг на превозниците, студиски патувања, состаноци на работни групи на регулаторните тела од Европската Унија од областа на железниците, конференции на регулаторните тела од Европската Унија, потпишување на меморандуми за соработка со цел размена на искуства со регулаторни тела на земјите членки во Европска Унија.

**РАСХОДНА СТАВКА 414 – НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ**

Во оваа расходна ставка се вклучуваат надоместоци на трошоци на работниците предвидени со Законот за работни односи и Колективниот договор (регрес, отпремнина за пензионирање, јубилејна награда, надомест за прво родено дете, смртни случаи и слично). Финансискиот план за 2026 година се планира да изнесува 400.000,00 денари.

**РАСХОДНА СТАВКА 415 – НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ**

Планираниот износ на оваа расходна категорија се проценуваат на ниво на минатата година во износ од 15.000,00 денари.

**РАСХОДНА СТАВКА 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ**

Планираните расходи за интелектуални и други услуги за 2026 година изнесуваат 3.400.000,00 денари кои во однос на 2025 година се намалени за 14%. Овие средства би се користеле за:

- Стручно усовршување на вработените преку учество на семинари, конференции што се одржуваат во земјата и странство, а за кои се предвидени износи за котизација и сл.;
- Надоместоци по основ на примања и трошоци на Претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор;
- Консултантски и стручни услуги за изработка на анализи од пазарот на железнички услуги;
- Услуги за изработка на веб страна. Заради усогласување со уставните измени истата треба да се изработи во албанска и англиска верзија;
- Ревизија на финансиските извештаи;
- Услуги за истражување на пазар;
- Проценка на вредноста на деловниот објект;
- Ангажирање на лектор и преведувач на албански јазик согласно Законот за употреба на јазиците;
- Стручно лице задолжено за активности поврзани со таксономија за сајбер инциденти и
- Здравствени прегледи на вработените, правни и адвокатски услуги, нотарски, сметководствени услуги, преводи на материјали на албански јазик, административно – технички услуги и други стручни услуги.

**РАСХОДНА СТАВКА 418 – ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ**

Во оваа расходна ставка предвидени се трошоци за објава на огласи, тендери во домашни и меѓународни списанија, судски такси, камати, даноци и придонеси, трошоци за објавување на подзаконски акти во службен весник и сл. и за истата се предвидени средства во износ од 170.000,00 денари кои се предвидени на минатогодишното ниво.

**РАСХОДНА СТАВКА 441 – ОПРЕМА**

Во текот на 2026 година Агенцијата предвидува вложувања во опрема и средства износ од 442.000,00 денари. Поради дотраеност на опремата набавена при основањето, а и зголемување на бројот на вработени Агенцијата има потреба од доопремување со канцелариски мебел, хардвер и софтвер за креирање на електронска база на податоци, набавка на софтвери и компјутерска опрема. Планираниот износ на оваа ставка во 2026 година е сведен на реалните потреби на Агенцијата и е помал во однос на 2025 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 460 – ПЛАТИ, НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ**

Во оваа ставка за 2026 година се предвидени средства за исплата на нето плати, надоместоци на плати и даноци и придонеси од плати за 3 тековно вработени и 2 нови вработувања во износ од 6.837.000,00 денари. Планираниот износ е минатогодишното ниво.

Вкупно планирани расходи пред оданочување : 13.836.000,00 денари
Данок на добивка 40.000,00 денари.
Вкупни расходи по оданочување 13.876.000,00 денари.

**Бр. 01-179/2**
**25.11.2025 година**
**Скопје**

**Прилог:**
-Табеларен преглед на финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор**
**Претседател**

**Нена Трајановска**


АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

**Прилог 1:** Табеларен преглед на финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година

ПРИХОДИ

| конто | Опис на конто | план 2026 година |
|---|---|---|
| 751 | Ненаплатена Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги од минати години | 520.000 |
| 751 | Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги | 4.050.000 |
| | Пренесен приход од мината година | 8.856.000 |
| | Други приходи | 450.000 |
| | **ВКУПЕН ПРИХОД** | **13.876.000** |

| РАСХОДИ | | |
|---|---|---|
| конто | Опис на конто | план 2026 година |
| **400** | **ПОТРОШНИ МАТЕРИЈАЛИ** | **342.000** |
| | Комунални услуги - вода, ѓубрарина и слично | 30.000 |
| | Списанија, весници и други изданија | 45.000 |
| | Стручна литература | - |
| | Канцелариски материјали | 100.000 |
| | Средства за одржување на хигиена | 60.000 |
| | Ситен инвентар и алат | 30.000 |
| | Потрошена вода | 40.000 |
| | Потрошено гориво и масло | - |
| | Други материјали - останато | 37.000 |
| **401** | **ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА** | **305.000** |
| | Потрошена електрична енергија | 305.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **402** | **ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА** | **100.000** |
| | Одржување на деловниот простор | 100.000 |
| **403** | **ДРУГИ УСЛУГИ** | **835.000** |
| | Телефон, телефакс и интернет | 280.000 |
| | Поштенски услуги | 40.000 |
| | Услуги за копирање, печатење и издавање | 40.000 |
| | Услуги за одржување на хигиена | 200.000 |
| | Службен весник | 50.000 |
| | Поправка и одржување хардвер и софтвер | 100.000 |
| | Поправка и одржување на опрема и средства | 100.000 |
| | Одржување, сервис, регистрација на моторно возило и гаражирање | - |
| | Други услуги | 25.000 |
| **404** | **ПРЕВОЗНИ - ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ** | **25.000** |
| | Превозно – транспортни услуги | 25.000 |
| **405** | **ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА** | **120.000** |
| | Издатоци за репрезентација | 80.000 |
| | Издатоци за реклама, пропаганда | 40.000 |
| **409** | **ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ** | **45.000** |
| **410** | **ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ** | **50.000** |
| | Провизија за платен промет | 40.000 |
| | Провизија за откуп на девизи | 10.000 |
| **412** | **ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ** | **50.000** |
| **413** | **ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ** | **700.000** |
| **414** | **НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ** | **400.000** |

| | | |
|---|---|---|
| **415** | **НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ** | **15.000** |
| **417** | **ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ** | **3.400.000** |
| | Обуки за стручно усовршување, семинари, конференции | 300.000 |
| | Надоместоци и трошоци на членови на Управен одбор | 1.100.000 |
| | Услуги за истражување на пазарот | 450.000 |
| | Консултантски и стручни услуги, изработка на студии, превод на материјали и други професионални договорни услуги | 800.000 |
| | Ревизија на финансиските извештаи | 200.000 |
| | Здравствени прегледи на вработени | 40.000 |
| | Правни/адвокатски услуги | 300.000 |
| | Изработка на веб страна | 100.000 |
| | Проценка на вредноста на деловниот објект | 60.000 |
| | Други услуги | 50.000 |
| **418** | **ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ** | **170.000** |
| | Други оперативни расходи (камати, данок и друго) | 80.000 |
| | Други расходи - огласи | 50.000 |
| | Судски и нотарски такси, извршител | 40.000 |
| **441** | **СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА** | **442.000** |
| | Средства за канцелариски мебел | 100.000 |
| | Информатичка опрема | 100.000 |
| | Средства за друга опрема | 100.000 |
| | Компјутерски софтвер и програми | 142.000 |
| | Моторно возило | - |
| | Проектирање и изведба на опрема за пристап на лица со посебни потреби | - |


ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

| | | |
|---|---|---|
| | Опрема за видео конферении | - |
| | Систем за централно греење на деловен простор | - |
| **460** | **БРУТО ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА** | **6.837.000** |
| | Нето плати, надоместоци и на плата на вработени | 3.116.000 |
| | Нето плати за нови вработувања и унапредувања | 1.517.000 |
| | Придонеси од плати | 2.204.000 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **13.836.000** |
| | ДАНОК НА ДОБИВКА | 40.000 |
| | Вкупни расходи пооданочување | 13.876.000 |
| **29** | **ПРЕНОС НА СРЕДСТВА ЗА НАРЕДЕН ПЕРИОД** | - |


ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

Прилог 2: Споредбени показатели на планиран финансиски план за 2025 и 2026 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор

ПРИХОДИ

| конто | Опис на конто | план 2025 година | план 2026 година | план2026/ план2025 |
|---|---|---|---|---|
| 751 | Ненаплатена Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за минати години | - | 520.000 | - |
| 751 | Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги | 3.703.000 | 4.050.000 | 109% |
| | Пренесен приход од мината година | 12.658.399 | 8.856.000 | 70% |
| | Други приходи | 441.601 | 450.000 | 102% |
| | **ВКУПЕН ПРИХОД** | **16.803.000** | **13.876.000** | **83%** |

РАСХОДИ

| конто | Опис на конто | план 2025 година | план 2026 година | план2026/ план2025 |
|---|---|---|---|---|
| **400** | **ПОТРОШНИ МАТЕРИЈАЛИ** | **580.000** | **342.000** | **59%** |
| | Комунални услуги - вода, ѓубрарина и слично | 30.000 | 30.000 | 100% |
| | Списанија весници и други изданија | 45.000 | 45.000 | 100% |
| | Стручна литература | 60.000 | - | 0% |
| | Канцелариски материјали | 150.000 | 100.000 | 67% |
| | Средства за одржување на хигиена | 60.000 | 60.000 | 100% |
| | Ситен инвентар и алат | 30.000 | 30.000 | 100% |
| | Потрошена вода | 40.000 | 40.000 | 100% |
| | Потрошено гориво и масло | 128.000 | - | 0% |
| | Други материјали - останато | 37.000 | 37.000 | 100% |
| **401** | **ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА** | **305.000** | **305.000** | **100%** |
| | Потрошена електрична енергија | 305.000 | 305.000 | 100% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **402** | **ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА** | **100.000** | **100.000** | **100%** |
| | Одржување на деловниот простор | 100.000 | 100.000 | 100% |
| **403** | **ДРУГИ УСЛУГИ** | **1.035.000** | **835.000** | **81%** |
| | Телефон, телефакс и интернет | 280.000 | 280.000 | 100% |
| | Поштенски услуги | 40.000 | 40.000 | 100% |
| | Услуги за копирање, печатење и издавање | 40.000 | 40.000 | 100% |
| | Услуги за одржување на хигиена | 250.000 | 200.000 | 80% |
| | Службен весник | 50.000 | 50.000 | 100% |
| | Поправка и одржување хардвер и софтвер | 150.000 | 100.000 | 67% |
| | Поправка и одржување на опрема и средства | 100.000 | 100.000 | 100% |
| | Одржување, сервис , регистрација на моторно возило и гаражирање | 100.000 | - | 0% |
| | Други услуги | 25.000 | 25.000 | 100% |
| **404** | **ПРЕВОЗНИ - ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ** | **25.000** | **25.000** | **100%** |
| | Превозно – транспортни услуги | 25.000 | 25.000 | 100% |
| **405** | **ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА** | **120.000** | **120.000** | **100%** |
| | Издатоци за репрезентација | 80.000 | 80.000 | 100% |
| | Издатоци за реклама, пропаганда | 40.000 | 40.000 | 100% |
| **409** | **ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ** | **45.000** | **45.000** | **100%** |
| **410** | **ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ** | **50.000** | **50.000** | **100%** |
| | Провизија за платен промет | 40.000 | 40.000 | 100% |
| | Провизија за откуп на девизи | 10.000 | 10.000 | 100% |
| **412** | **ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ** | **50.000** | **50.000** | **100%** |
| **413** | **ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ** | **1.100.000** | **700.000** | **64%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **414** | **НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ** | **500.000** | **400.000** | **80%** |
| **415** | **НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ** | **15.000** | **15.000** | **100%** |
| **417** | **ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ** | **3.961.000** | **3.400.000** | **86%** |
| | Обуки за стручно усовршување, семинари, конференции | 450.000 | 300.000 | 67% |
| | Надоместоци и трошоци на членови на Управен одбор | 1.100.000 | 1.100.000 | 100% |
| | Услуги за истражување на пазарот | 450.000 | 450.000 | 100% |
| | Консултантски и стручни услуги, изработка на студии, превод на материјали и други професионални договорни услуги | 1.111.000 | 800.000 | 72% |
| | Ревизија на финансиските извештаи | 200.000 | 200.000 | 100% |
| | Здравствени прегледи на вработени | 40.000 | 40.000 | 100% |
| | Правни/адвокатски услуги | 300.000 | 300.000 | 100% |
| | Изработка на веб страна | 200.000 | 100.000 | 50% |
| | Проценка на вредноста на деловниот објект | 60.000 | 60.000 | 100% |
| | Други услуги | 50.000 | 50.000 | 100% |
| **418** | **ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ** | **170.000** | **170.000** | **100%** |
| | Други оперативни расходи (камати, данок и друго) | 80.000 | 80.000 | 100% |
| | Други расходи - огласи | 50.000 | 50.000 | 100% |
| | Судски и нотарски такси, извршител | 40.000 | 40.000 | 100% |
| **441** | **СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА** | **1.845.000** | **442.000** | **24%** |
| | Средства за канцелариски мебел | 100.000 | 100.000 | 100% |
| | Информатичка опрема | 100.000 | 100.000 | 100% |
| | Средства за друга опрема | 100.000 | 100.000 | 100% |
| | Компјутерски софтвер и програми | 142.000 | 142.000 | 100% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Моторно возило | 1.200.000 | - | 0% |
| | Проектирање и изведба на опрема за пристап на лица со посебни потреби | 61.000 | - | 0% |
| | Опрема за видео конференции | 71.000 | - | 0% |
| | Систем за централно греење на деловен простор | 71.000 | - | 0% |
| **460** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ** | **6.837.000** | **6.837.000** | **100%** |
| | Нето плати, надоместоци и трошоци на вработени | 3.116.000 | 3.116.000 | 100% |
| | Нето плати за нови вработувања и унапредувања | 1.517.000 | 1.517.000 | 100% |
| | Придонеси од плати | 2.204.000 | 2.204.000 | 100% |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **16.738.000** | **13.836.000** | **83%** |
| | ДАНОК НА ДОБИВКА | 65.000 | 40.000 | 62% |
| | Вкупни расходи по оданочување | 16.803.000 | 13.876.000 | 83% |
| **29** | **ПРЕНОС НА СРЕДСТВА ЗА НАРЕДЕН ПЕРИОД** | - | - | - |


ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk